# КОНЦЕПЦИЈА ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Концепцијата за средното образование на возрасните во Република Северна Македонија е донесена со решение бр. 13 - 14147/1 на 23.11.2022 година од Министерот за образование и наука.

# КОНЦЕПЦИЈА ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

## ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 2022 година

# Кратенки

| | |
|---|---|
| **БРО** | Биро за развој на образованието |
| **ВНИУ** | Валидација на неформалното и информалното учење |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ДИЦ** | Државен испитен центар |
| **ДПИ** | Државен просветен инспекторат |
| **ЕРК** | Европска рамка на квалификации |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЕФО (ETF)** | Европската фондација за обуки |
| **МОН** | Министерство за образование и обука |
| **МРК** | Македонската рамка на квалификации |
| **НВО** | Невладина организација |
| **НРК** | Националната рамка за квалификации |
| **ОЕЦД** | Организацијата за економска соработка и развој |
| **ОН** | Обединети нации |
| **РЦСОО** | Регионален центар за стручно образование и обука |
| **СОВ** | Средно образование на возрасните |
| **СОО** | Стручно образование и обука |
| **УНДП** | Програма за развој на Обединетите нации |
| **УНЕСКО** | Образовна, научна и културна организација на Обединетите нации |
| **ЦОВ** | Центар за образование на возрасните |
| **ЦСОО** | Центар за стручно образование и обука |

ВОВЕД: СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ .................. 6

МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ, ИНИЦИЈАТИВИ И ИСКУСТВА .......................................................... 10

Меѓународни искуства и добри практики со ВНИУ ............................................................ 13

СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ ВО РСМ ........................................................... 15

Регулатива и институции релевантни за средното образование на возрасните ............................. 16

Состојба на средното образование на возрасните во РСМ ................................................... 18

Потреба од нова концепција за средно образование на возрасните ........................................ 21

КОНЦЕПЦИЈА ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ ВО РСМ:
ОСНОВИ, СТАНДАРДИ И МЕРКИ ........................................................................................ 22

ФУНКЦИИ И НАЧЕЛА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ ................................. 24

Признавање на претходното учење, знаење и вештини
во контекст на доживотното учење ................................................................................. 26

ОБРАЗОВНИ СТАНДАРДИ: КЛУЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ И РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ ............................ 27

НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ ................. 30

ПОУЧУВАЊЕТО ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ .......................................... 36

ОЦЕНУВАЊЕТО ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ .......................................... 38

МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ВНИУ ВО СРЕДНОТО
ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ ...................................................................................... 40

Методолошки насоки и фази на ВНИУ .............................................................................. 44

ИНСТИТУЦИОНАЛНИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА
СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ ...................................................................... 48

ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВОЗРАСНИТЕ .................................... 51

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ ........................ 55

ПРИОРИТЕТИ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ ............................................ 59

ПОТЕНЦИЈАЛИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА Н
СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ ...................................................................... 61

ИНДИКАТОРИ ЗА РЕАЛИЗИРАНОСТА НА ЦЕЛИТЕ ПРЕДВИДЕНИ
СО КОНЦЕПЦИЈАТА ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ .................................... 63

ПРЕЛИМИНАРНИ НАСОКИ ЗА ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА
КОНЦЕПЦИЈАТА ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ ........................................... 66



# ВОВЕД:
# СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Образованието на возрасните во меѓународни рамки се препознава како суштински двигател на општествениот развој и на економскиот раст. Тоа игра клучна улога во создавањето подобри работни места, го зголемува квалитетот на животот, го унапредува личниот развој и активното граѓанство. Од тие причини, образованието на возрасните во рамките на ЕУ во последните две децении претставува и политички приоритет.

Со постојаниот технолошки и информатички развој, нископрофилните работни места сѐ повеќе се заменуваат со машини, а критериумите за почетните работни позиции се сѐ повисоки и сѐ повеќе бараат конкретно релевантно искуство и одредено ниво технички и дигитални вештини[1]. Овој силен технолошки развој истовремено создава и многу нови дејности и нови можности за работни места што бараат нови знаења и вештини. Живеејќи во модерен технолошки свет, луѓето учат за новите технологии и стекнуваат различни вештини и надвор од формалните образовни процеси. Потребно е тие знаења и вештини на граѓаните системски да се препознаат, да се надградат и да се стават во функција на личниот и на професионалниот развој. Со тоа ќе се овозможи граѓаните компетентно да учествуваат во размената на трудот и да придонесуваат за економски развој на општеството. Ова прашање е особено важно во контекст на најголемите предизвици со кои се соочува човештвото: климатските промени, биотехнолошките иновации и сѐ поизразеното социјално раслојување. За да може образовниот систем да им помогне на граѓаните да се справат со предизвиците и ефикасно да партиципираат во општеството што се менува, нужно треба да обезбеди услови учењето да биде континуирано во текот на целиот живот. Од тие причини, од 90-тите години на 20 век концептот за доживотно учење е доминантен пристап, кој го издигнува образованието на возрасните на ниво на суштинска алатка за компетитивност, вработливост и економски развој во Европската Унија. Македонското општество може да биде конкурентно само доколку стане општество што учи, што создава и применува знаења. Доживотното учење ги намалува социјалните разлики и ги оспособува сите граѓани да дојдат до потребните информации и јавни услуги за да ги остварат своите права, придонесува за поголема вработливост на граѓаните од сите слоеви на населението – а со тоа и за поефикасна социјална инклузија и социјална кохезија.

Концептот за доживотно учење истовремено водеше и кон промени во разбирањето на поимот образование на возрасните. Основни постулати во овој концепт се дека образованието е за секого, тоа се случува насекаде и во текот на целиот живот, дека животот е главниот извор на учењето, а притоа, процесот на учење е поважен од самите предмети. Оттука, доживотното учење се сфаќа како флексибилен и динамичен пристап кон учењето, чија цел е да го подобри квалитетот на животот на граѓаните и да овозможи општествен развој. Ваквиот пристап води кон важна промена и во сфаќањето на учењето. Се прифаќа реалноста дека постојат различни видови знаење и повеќе различни контексти на учење: формален, неформален и информален, и се истакнува нужноста сите исходи од учењето да бидат признаени без оглед на контекстот. Со тоа во преден план се истакнува важноста на концептот за валидација на неформалното и информалното учење (ВНИУ).

[1] Why digital training is so important for young job seekers | World Economic Forum (weforum.org)

Европската комисија во 2012 година издаде препорака[2] до сите земји членки и кандидати за ЕУ да развијат систем за валидација на исходи од претходно учење. Валидацијата на неформалното и на информалното учење се гледа како ефикасен и ефективен инструмент за унапредување на процесот на образование на возрасните, кој воедно се заснова и на правото на луѓето да им се признае нешто што тие веќе го поседуваат. Ваквиот пристап кон образованието и кон учењето води и кон промена на фокусот кај овие процеси: од академско знаење – фокусот се става на компетенции важни за животот. Оваа промена ја нагласи важноста на концептот на клучните компетенции.

Истовремено, образовниот систем треба да одговори на истиот предизвик со кој традиционалното образование се соочуваше пред неколку децении во светот – да стане елитистичко. Човештвото се соочува со базична нерамноправност, која се огледа во нееднаквиот пристап до квалитетно образование за сите. Денес, во услови на висок технолошки развој кога напредните алатки се недостапни за сè повеќе луѓе, постои опасност тие да станат нерелевантни во високотехнолошкото општество. Тоа е многу потешка последица дури и од невработеноста, што би довело до досега невидено социјално раслојување.

Кризата со пандемијата на КОВИД-19 ги нагласи овие разлики во многу средини. Пандемијата покажа колку е важно учењето, знаењата и вештините да се приспособуваат на промените. Пандемијата ја истакна и важноста на онлајн учењето и комуникацијата, и на подготвеноста да се користат дигиталните алатки и содржини. Образованието на возрасните нужно треба да одговори на овие потреби и да биде во функција на развој на дигиталните компетенции кај граѓаните.

Опишаните процеси и промени покажуваат дека средното образование на возрасните има пошироки функции од само да се стекнуваат знаења и вештини. Процесот на образование на возрасните треба да им биде поддршка на граѓаните за нивна еманципација и социјализација во општеството. Образованието на возрасните нема да ја оствари својата функција доколку се задоволи само со создавање можности за возрасните да стекнат стручни квалификации низ неформалното образование, туку тоа треба да цели кон повисоко ниво на еманципација, хоризонтална и вертикална образовна и професионална мобилност и социјална инклузија за своите граѓани. Ова е важна трансформативна улога на системот на средно образование на возрасните, во што клучно е учеството на креаторите на политиките во соработка со компаниите, како и кадарот вклучен во поучувањето и во обуката на возрасните лица. Еманципаторската улога на образованието на возрасните е посебно важна за возрасните што се на маргините на општеството: сиромашните, нискоквалификуваните, ранливите етнички групи, лицата со попреченост, лицата во казнено-поправните установи. На тој начин, образованието на возрасните игра исклучително важна улога и во превенција на деликвенција и радикализам, нудејќи им втора шанса на лицата под ризик.

[2] Official Journal of the European Union, (December 2012) Council Recommendaton on the validation of non-formal and
informal learning, C 398/01, 2012.
http://eur-ex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:C:2012:398:0001:0005:EN:PDF

Исполнувањето на овие цели е показател за тоа колку едно општество е успешно во остварувањето на своите основни функции – да обезбеди социјална, образовна и економска инклузија за сите свои граѓани.

Концепцијата претставува визија врз кои постулати и механизми средното образование на возрасните треба да се развива во наредните 10 и повеќе години. Фокусот е на мерки и на активности што ќе овозможат возрасните лица активно да се приспособуваат на промените во општеството, кои ќе овозможат личен развој и инклузивно и кохезивно општество што учи и се развива.



# МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ, ИНИЦИЈАТИВИ И ИСКУСТВА

Од средината на 90-тите години на минатиот век[3], образованието е во средиштето на европските политики за креирање економска перспектива, засновани на соработка и на мобилност. Со препораките од 2000-тата, Европската Унија го става фокусот на доживотното учење, а со Копенхашката декларација од 2002 година, суштински елементи на Европската образовна политика се и рамката на квалификации и валидацијата на претходно стекнати компетенции во неформален и информален процес на учење. Образованието на возрасните и доживотното учење се во јадрото и на целите за одржлив развој на ОН, а посебна важност добиваат во високотехнолошкиот свет на 21 век.  Во рамките на Европската стратегија за вработување, Советот на ЕУ во 2000 година доживотното учење го дефинира како постојан процес на учење без оглед на контекстот и ги вклучува сите облици на учење што ги унапредуваат компетенциите. Односно, доживотното учење ги вклучува сите облици на поучување и учење што може да се одвиваат во секојдневниот живот: формално, неформално и информално. „Меморандумот за доживотно учење" од 2000 година повикува да се развијат методи на поучување и учење што ќе обезбедат „можности за учење на возрасните што се што е можно поблиску до нив".

„Агендата за одржлив развој 2030" на ОН и Декларација од Инчеон „Образование 2030" на УНЕСКО, обете од 2015 година, порачуваат дека сите луѓе, без оглед на полот, возраста, етничката припадност, лицата со попреченост и припадници на други ранливи категории, треба да имаат пристап до доживотно учење за да стекнат знаења и вештини со кои ќе можат активно и целосно да учествуваат во општествените процеси. На тој начин се намалуваат ризиците од невработеност, сиромаштија и социјална исклученост.

Проценувајќи ја важноста на образованието на возрасните, УНЕСКО периодично спроведува Глобален извештај за учењето и образованието на возрасните (Global Report on Adult Learning and Education (GRALE)), а РСМ учествува во сите 4 студии реализирани досега. Во ГРАЛЕ 4 од 2019 година[4] се порачува дека земјите нужно треба да вложат повеќе напори за развој на систем за ВНИУ, а посебно за припадниците на групите и на заедниците што се подложни на исклучување. Според препораките од 2012[5] година, во овој извештај УНЕСКО препорачува возрасните да можат да стекнат квалификации и од сферата на формалното образование со имплементација на мерки на ВНИУ.

Во „Препораките на Советот на ЕУ за патеки за усовршени вештини" од 2016 година[6], а врз основа на „Препораките за развивање на клучните компетенции за доживотно учење" од 2006 година[7], се препорачува дека на лицата со ниски квалификации треба да им се овозможи напредок кон стекнување квалификации на ниво 3 и 4 од Европската рамка на

[3] Delors, J. et al. (1996). Learning: The treasure within. Paris: UNESCO.
[4] UNESCO Institute for Lifelong Learning (2019). Global Report on Adult Learning and Education: Participation, Equity and Inclusion. UNESCO
[5] UIL (UNESCO Institute for Lifelong Learning), 'UNESCO guidelines for the recognition, validation and accreditation of the outcomes of non-formal and informal learning', UIL, Hamburg, 2012.
https:// unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000216360
[6] Official Journal of the European Union (2016). Council Recommendation on Upskilling Pathways: New Opportunities for Adults. Council of the European Union
[7] Official Bulletin of the European Union, (2006), Recommendations of the European Parliament and Council of Europe on the Key Competencies for Lifelong Learning.

квалификации (ЕРК), што е еквивалентно на нивоата 3 и 4 од Македонската рамка на квалификации (МРК).

Стратегиската рамка за образование на возрасните на ЕУ (Strategic framework – Education & Training 2020 – ET2020)[8] дефинира четири цели на образованието и на обуката на возрасните:

- Доживотното учење и мобилноста да станат реалност
- Да се унапреди квалитетот и ефикасноста на образованието и на обуката на возрасните
- Да се унапреди правичноста, социјалната кохезија и активното граѓанство (преку мерки за образование на возрасните)
- Да се унапреди и да се засили креативноста, иновативноста и претприемништвото на сите нивоа на образование и обука.

Со цел да ги унапредат условите за стручно образование и обука, со Препораките на Европскиот парламент и на Советот од 2009 година, ЕУ создаде алатка со која се утврдуваат стандарди, дескриптори и индикатори за обезбедување квалитет во стручното образование (EQAVET). Алатката претставува водич како да се развива систем за обезбедување квалитет – кој е комплетно применлив и во образованието на возрасните.

Во сферата на дигитализацијата, во септември 2020 година ЕУ донесе обновен Акциски план за дигитално образование 2021-2027 (Digital Education Action Plan (2021-2027)[9]. Акцискиот план е во функција и на остварување на целта на ЕУ да се развие Европска образовна област до 2025 година. Во таа насока, како поддршка на соработката и доживотното учење, развиена е Електронската платформа за учење на возрасните во Европа (Electronic Platform for Adult Learning in Europe (EPALE)).

Во ноември 2020, ЕУ донесе два важни документи за сферата на стручното образование и обука. Ресорните министри за образование и обука ја усвоија „Декларацијата од Oзнабрик 2020 за стручното образование и обука како двигател на закрепнувањето и на правичната транзиција кон дигитални и зелени економии“ (The Osnabrück Declaration 2020)[10], во која се утврдени и операционализирани главните цели. Поврзано со оваа декларација, во истиот период, Советот на ЕУ ги донесе „Препораките за стручното образование и обука за одржлива компетитивност, социјална правичност и издржливост“[11]. Документот содржи насоки за имплементација на национално ниво и конкретни препораки групирани во шест теми:

---

[8] Достапно на: https://eaea.org/our-work/influencing-policy/monitoring-policies/european-agenda-for-adult-learning/

[9] https://ec.europa.eu/education/sites/default/files/document-library-docs/deap-swd-sept2020_en.pdf
https://ec.europa.eu/education/sites/default/files/document-library-docs/deap-communication-sept2020_en.pdf

[10] https://www.cedefop.europa.eu/files/osnabrueck_declaration_eu2020.pdf

[11] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32020H1202%2801%29

1. Стручното образование и обука (СОО) е агилно и приспособливо на промените на пазарот на трудот;
2. Флексибилноста и можностите за напредок се во суштината на СОО, при што особено се препорачува на кандидатите да им се овозможат флексибилни и модуларни патеки на развој на компетенциите засновани на препознавање и на валидација на резултатите од претходното неформално и информално учење;
3. СОО е двигател на иновации и развој и подготвува за дигитална и зелена транзиција;
4. СОО е атрактивен избор и е засновано на модерна и дигитализирана понуда на обуки и вештини;
5. СОО промовира еднаквост на можностите;
6. СОО се заснова на култура на обезбедување квалитет.

# Меѓународни искуства и добри практики со ВНИУ

Врз основа на препораките на Европската комисија, и под супервизија на Советодавната група на Европската рамка на квалификации, земјите членки и кандидати за членство во ЕУ ги развиваат своите системи за ВНИУ. Процесите се поддржани и од Европската фондација за обуки (ЕТF), во чиј мандат е и подготовката на Инвентарите за напредокот во воспоставувањето на системите за ВНИУ[12].

Меѓународните искуства од повеќе земји сведочат за добри практики во имплементацијата на мерките на ВНИУ. Во Финска, мерки на валидација се применуваат од 70-тите години на минатиот век, кои придонесоа за силниот напредок на земјата во сферата на образованието и на економијата.

Во 2001 година во Португалија бил формиран национален систем за признавање претходно учење (аналогно на ВНИУ)[13]. Процесот водел кон образовна или стручна квалификација – на ниво на основно и на средно образование. Во 2005 година била воведена програмата „Нови

[12] https://cumulus.cedefop.europa.eu/files/vetelib/2019/european_inventory_validation_2018_North_Macedonia.pdf
[13] Doutor C., & Lucio-Villegas E. (2014). From Adult Education to Emancipation: Adult education and emancipation at crossroads of tensions and reconfigurations. Во: Local Change, Social Actions and Adult Learning: Challenges and Responses. Proceedings. Lisbon: ESREA

можности“, со која приближно еден милион Португалци стекнале одредени квалификации. Биле формирани 90 центри во кои се одвивала валидација, кои во 2013 година биле трансформирани во „Центри за образование и професионални квалификации“.

Во Франција, од 2002 година функционира системот на ВНИУ. Системот овозможува секоја квалификација од националната база (рамка) на квалификации да може да се стекне по пат на валидација. Во Словенија законската рамка овозможува валидација на неформалното и информалното учење на сите нивоа на образование[14]. Пристапот во оваа држава е таков што нема една институција или една рамка за валидациски процедури, туку различни задачи и улоги им се распределени на институциите што се вклучени во доживотното учење. На централно ниво, носечки се улогите на министерствата одговорни за образование и за стандарди на квалификации, додека националниот испитен центар е одговорен за подготовка на процедурите во оценувањето. Словенечкиот центар за образование на возрасните е надлежен за обука на советниците и на проценувачите (за валидација), додека националниот центар за стручно образование и обука е одговорен за системот на квалификации во стручното образование и обука.

[14] Извор:https://eacea.ec.europa.eu/national-policies/eurydice/content/validation-non-formal-and-informal-learning-74_en#ValidationNonFormalInformalLearning



# СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ ВО РСМ

# Регулатива и институции релевантни за средното образование на возрасните

Средното образование на возрасните (СОВ) е составен дел од единствениот систем на образование во државата. Тоа главно е регулирано со Законот за образование на возрасните, но различни аспекти од СОВ се регулираат и со Законот за Македонската рамка на квалификации, Законот за стручно образование и обука, Законот за средно образование и со Законот за Бирото за развој на образованието.

Според Законот за образование на возрасните од 2008 година, образованието на возрасните опфаќа формално, неформално и информално учење, а учесник во програмите за образование на возрасните може да биде лице што има навршени 15 години и ги исполнува другите услови пропишани со програмата. Законот пропишува дека Центарот за образование на возрасните (ЦОВ) меѓу другото е надлежен да:

- подготвува наставни планови и програми за основно, гимназиско и за стручно образование на возрасните, врши верификација на програмите за образование на возрасните, подготвува модел на јавно важечки програми за образование на возрасните
- предлага решенија за подобрување на врските помеѓу формалното и неформалното образование.

Законот за Македонската рамка на квалификации (МРК) од 2013 година (вклучително со измените од 2016 г.) утврдува дека оваа рамка е инструмент за развивање, класифицирање, препознавање и признавање на стекнатите квалификации преку резултатите од учењето. Таа е задолжителен национален стандард што ги регулира стекнувањето и примената на квалификациите во РСМ. Таа ги прави квалификациите појасни и полесно разбирливи помеѓу различните држави и образовни системи во Европа и има две главни цели: да ја промовира и да ја обезбеди мобилноста, и да го олесни доживотното учење. МРК во утврдувањето на квалификациите се заснова на концептите за клучни компетенции и ВНИУ. Според Глобалниот инвентар на Cedefop, ЕТF и УНЕСКО[15], националните рамки за квалификации треба да ги направат квалификациите видливи и да им помогнат на граѓаните да бидат информирани за нив. Важноста на ВНИУ во контекст на стекнување квалификации се истакнува и со фактот дека со референцирањето на МРК во Европската рамка на квалификации (ЕРК), државата се обврзува да го развива системот на ВНИУ, при што Совето-

[15] Извор: CEDEFOP, European Training Foundation, UNESCO and UNESCO Institute for Lifelong Learning. 2019. Global Inventory of Regional and National Qualifications Frameworks 2019, Volume I: Thematic chapters. Available at: http://uil.unesco.org/lifelong-learning/recognitionvalidation-accreditation/global-inventory-regional-and-national

давната група на ЕРК експлицитно ја задолжува државата да известува за напредокот во воспоставувањето систем на ВНИУ.

Според Законот за стручно образование и обука од 2006 година (вклучително со измените до 2019 г.), редовното средно образование се остварува преку наставни планови и програми за стручно оспособување на ниво 2 од МРК, стручно образование за занимања на ниво 3 од МРК и техничко образование на ниво 4 од МРК. Според овој закон, образование на возрасните се остварува во установите за стручно образование и обука како интегрален дел на доживотното учење, кое ги поврзува одделните сегменти и облици на образованието во единствен систем.

Законот за средно образование (ЗСО) од 1995 година (со повеќе измени до 2016 г.) предвидува „програмите за стручно оспособување и стручно образование од тригодишно траење за вонредни ученици да можат да се остваруваат и во установи за образование на возрасни", иако не е предвидено формирање средни училишта за возрасни. Лицата со наполнети 17 години може да се вклучат во вонредно средно образование во редовните средни училишта, сфатено како „образование што овие лица го стекнуваат со самообразование, по пат на полагање испити за одреден план и програма во средното училиште". Центарот за стручно образование и обука има надлежност во подготвување на наставните програми, за кои мислење дава Бирото за развој на образованието, како институција надлежна од МОН да предлага наставни планови и програми за средното образование.

Освен во законската регулатива, средното образование на возрасните е застапено во неколку стратегиски документи: Стратегијата за образованието 2018-25, Стратегијата за образование на возрасните 2017-21, Концепцијата за инклузивно образование. Во 2015 година, по иницијатива на ЦОВ, а во соработка со МОН и со УНДП е изработена Концепција за основно образование на возрасните заснована на концептите за клучните компетенции, резултатите од учење и ВНИУ. Во нејзината операционализација се изготвени експериментални предметни програми со резултати од учењето еквивалентни на тие во редовното основно образование.

Наведените стратегиски документи создаваат можности образовните квалификации да се стекнуваат и преку ВНИУ. На официјално и на институционално ниво во државата од 2014 година се реализираат повеќе активности за воспоставување систем на ВНИУ. Во соработка со Фондацијата за образование и обуки на ЕУ (ETF), ЦОВ и МОН изработија Патоказ за процесите на ВНИУ и посебни водичи за фазите на ВНИУ, а во 2018 година за Cedefop е изготвен и првиот Инвентар за РСМ за напредокот во воспоставување на системот на ВНИУ.

### *Предизвици*

Од законската регулатива произлегува дека возрасните може да се вклучат во средното образование само со статус на вонредни ученици. Но, мерките што им се достапни се нефлексибилни, без можности за квалитетно поучување, обука и стекнување важни компетенции, и не ги земаат предвид компетенциите што возрасните лица веќе ги имаат стекнато. Законската регулатива нужно треба да се хармонизира и да се реформира во насока

на инкорпорирање на современите тенденции во образованието на возрасните, со цел да се воспостави систем заснован на концептите за клучни компетенции и резултати од учењето, кои го подразбираат и механизмот на валидација на резултатите од претходното учење, без оглед дали е стекнато по формален, неформален или информален пат, во државата или надвор од неа. Тоа ќе овозможи возрасните лица да стекнуваат и стручни и образовни квалификации, поголема мобилност на пазарот на трудот, активна партиципација на граѓаните во општествените процеси и подобрена социјална инклузија и кохезија.

## Состојба на средното образование на возрасните во РСМ

Во време на изработка на Концепцијата, податоците од пописот спроведен во 2021 година сè уште не беа обработени и објавени, поради што не можеше да се има прецизен увид во образовната структура на населението во РСМ. Според податоци од ДЗС, во септември 2021 година 135.605 лица се евидентирани како невработени, од кои 76.458 (40.419 жени) се без основно или имаат само основно образование. Повеќе од половината од невработените лица се на возраст од 25 до 49 години. Со непотполно средно образование се 13.202 лица, а со средно образование се 34.214 лица. Постои можност во овие прегледи на невработени лица да не се евидентирани значителен број граѓани, што би значело дека овие показатели се уште понеповолни.

Во Eurydice извештајот на ЕУ за периодот 2015-20[16] за популација на возраст 25-64 години, во податоците за РСМ стои дека:

- 28,4% од оваа популација се лица без квалификација на ниво на средно образование – што е меѓу највисоките стапки споредено со државите во извештајот
- Со ниски или без дигитални вештини се фрапантни 56% – најмногу од сите европски земји
- Само 2,8% од лицата учествувале, или биле вклучени во некаква обука или тренинг во месецот пред истражувањето – што е далеку од просекот од околу 30% во скандинавските земји
- Само 0,2% од возрасните на 25-64 години стекнале квалификација на ниво 3 или 4 според МРК во текот на нивната зрела доба (над 25-годишна возраст) – што е најнизок

[16] European Education and Culture Executive Agency, (2021). Adult education and training in Europe: Building inclusive pathways to skills and qualifications. Luxembourg: Publications Office of the European Union. doi:10.2797/788535

процент во Европа

- 73% од лицата на возраст 25-64 години што не се вклучени во образование и обука изјавиле дека не ни сакаат да бидат вклучени! Тој процент кај лицата со најниско ниво на квалификации е дури 90 %, а дури 99 % од нив во текот на мината година не ни бараале информации за можности за образование и обука.

Овие податоци не се засновани на информации од попис, туку на процени на релевантни институции. Тоа остава простор да се претпостави дека показателите за учеството на возрасните во образование и обука се можеби и понеповолни. На пример, во извештајот стои информација за 2018 година дека ВНИУ се реализира во најмалку еден сектор на образование и обука и дека 2 % од лицата на оваа возраст имале советување за ВНИУ – податоци што може да се земат со резерва ако се има предвид дека системот на ВНИУ сè уште е во фаза на пилотирање со експериментални програми и сè уште не е законски воспоставен.

Во меѓународни рамки, во истиот извештај може да се види дека главните стратегиски документи што ги носат државите во однос на образованието на возрасните се однесуваат на унапредување вештини и квалификации, ВНИУ, дигитални компетенции и поддршка на социјалната инклузија.

Во нашата држава не постојат јавно достапни податоци за тоа колку возрасни се вклучени во средното образование. Според податоците од ДЗС, во 2018/19 година (како последен достапен извештај од оваа категорија), 1.961 лице – од кои 788 жени – завршиле вонредно средно образование, но нема податоци за нивната возрасна структура. Оттука, можно е одреден дел од овие лица да се млади на 17 или малку повеќе години, кои во скорешно минато ја надминале возраста за редовна настава, поради што вонредно го довршуваат своето средно образование, односно да станува збор за лица што не се над 25 години како вообичаена возрасна категорија што се зема во статистиките за возрасни лица. Воедно, нема податоци со колкави проценти во овие бројки учествуваат лица што воопшто немале средно образование и лица што имале завршено средно образование, но по вонреден пат се стекнале и со друга образовна квалификација.

Во заедничка студија на CEDEFOP, ETF и на Институтот за доживотно учење на УНЕСКО од 2019 година[17] се посочува дека 75 % од испитаните возрасни лица во студијата имале негативни претходни искуства со образованието – како фактор што ги обесхрабрува да се вклучат во образованието на возрасните. Многумина не партиципираат во учење за возрасните бидејќи не гледаат потреба за тоа. Трошоците за обуки се меѓу најчестите пречки. За 25% од мажите и за двојно повисоки 50% од жените, семејните обврски им се една од

[17] CEDEFOP, European Training Foundation, UNESCO and UNESCO Institute for Lifelong Learning. 2019. Global Inventory of Regional and National Qualifications Frameworks 2019, Volume I: Thematic chapters. Available at: http://uil.unesco.org/lifelong-learning/recognitionvalidation-accreditation/global-inventory-regional-and-national

главните пречки за вклучување во образование на возрасните.

Нивото на образование на населението во РСМ е главно незадоволително. Прераното осипување и нееднаквиот пристап до квалитетно образование се меѓу главните причини. Особено се погодени припадниците на маргинализираните групи. Многубројни студии покажуваат дека меѓу најнепривилегираните категории за пристап до квалитетно образование се возрасните од ранливите етнички заедници, лицата со попречености и лицата во казнено-поправните установи.

Еднакво внимание како и на другите ранливи групи, треба да се посвети и на образованието за затворениците. Тоа подразбира и право и инвестиција. Правото на образование на лицата во казнено-поправните установи е регулирано со меѓународни акти уште од 1955 година, унапредени повеќепати, а последен пат ревидирани од ОН во 2015 година со Препораките насловени како „Правила на Мендела"[18]. Во нив се укажува дека затворениците имаат право на образование, стручна обука, и дека нивното образование треба да биде интегрирано во образовниот систем на земјата – со цел, кога ќе заврши санкцијата, осудуваните лица да можат да продолжат со образование без никакви пречки. Воедно, се препорачува образованието на неписмените лица во затворите и на младите затвореници да биде задолжително. Образованието носи придобивки за осудените лица, но и за казнено-поправните установи и за општеството. Учењето стручни вештини и можноста за работа го намалува ризикот кај овие лица од повторен криминал, а воедно придонесува за редот и за безбедноста во казнено-поправните установи[19]. Повисоки нивоа на образование на затворениците е проследено со пониски стапки на рецидивизам и повисоки шанси за вработување. Образованието во казнено-поправните установи е од исклучителна важност во превенцијата на фундаментализмот и на радикалниот екстремизам. Од тие причини, во многу земји се посветуваат сериозно внимание и ресурси во образованието во казнено-поправните установи. Во некои латиноамерикански и карипски земји 70 % од осудените лица посетуваат некоја програма на формално образование.

Во контекст на образованието во казнено-поправните установи, на иницијатива на Управата за извршување санкции и МОН, Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) обезбеди поддршка за институционализирање на стручни обуки и образование како дел од системот на казнено-поправните установи. Меѓу 2016 и 2020 година:

- се реализираше обука во 5 казнено-поправни установи (КПУ Идризово – машко и женско одделение, КПД Штип, КПД Прилеп, Затвор Куманово и Затвор Скопје)
- обуката ја реализираа 7 средни стручни училишта
- 312 осудени лица посетуваа 8 различни обуки за стекнување стручни квалификации.

[18] UNODC. (2015). The United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (the Nelson Mandela Rules). Vienna, United Nations Office on Drugs and Crime.
[19] UNODC. (2017). Roadmap for the Development of Prison-based Rehabilitation Programmes. Vienna, United Nations Office on Drugs and Crime. (Criminal Justice Handbook Series.)

- Во однос на посетителите на обуката, околу 38 % од учесниците се на возраст до 29 години. Поголемиот број осудени лица се без комплетирано основно образование, а околу 50 % од осудените лица што следеле стручна обука се со основно образование и без никакви дополнителни квалификации.

# Потреба од нова концепција за средно образование на возрасните

Брзиот технолошки развој и постојаните промени во економијата и во општеството имаат потреба од инклузивен, флексибилен и напреден образовен систем. Наодите за состојбите со средното образование на возрасните во РСМ укажуваат дека постојниот систем и мерки за СОВ се неделотворни, тие не додаваат значителна вредност во квалификациите на возрасните и не можат значајно да одговорат на нивните потреби и на потребите на општеството. Голем дел од работоспособното население во државата е без квалификации или е со ниски квалификации, кое би можело и би требало да биде значаен чинител за општествениот и економскиот развој. Необразованоста долгорочно гледано создава натамошна необразованост. Таа најчесто води кон сиромаштија, а сиромаштијата создава натамошна и зголемена сиромаштија. Оттука, нужни се навремени и ефикасни системски мерки за спречување на оваа тенденција на регресија на индивидуално и на општествено ниво.

Опишаните состојби ја нагласуваат потребата и оправданоста да се креираат нови концепциски насоки за средното образование на возрасните. Потребен е пристап што ќе создава услови за квалитетно доживотно учење, за инклузивно и ефикасно средно образование за возрасните. Потребен е образовен систем што на возрасните ќе им овозможи релевантни квалификации, но и еманципација и социјализација. Така конципираното средно образование на возрасните значајно ќе придонесе за социјална еднаквост и правичност, општествена кохезија и активно граѓанство.


КОНЦЕПЦИЈА ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ
НА ВОЗРАСНИТЕ ВО РСМ:
ОСНОВИ, СТАНДАРДИ И МЕРКИ

Системот за средно образование на возрасните треба да ги оствари предвидените функции, водејќи се од одредени начела и национални стандарди. Стандардите ќе се постигнат со примена на утврдени наставни планови и програми, применувајќи соодветни мерки и препораки за поучувањето, оценувањето, осигурувањето квалитет и унапредено релевантно користење дигитални алатки. За реализација на целите, процесот треба да добие поддршка од релевантните чинители, од креаторите на политиките и од клучните институции, економските чинители, невладиниот сектор, а најмногу од соодветно подготвен наставен кадар.



# ФУНКЦИИ И НАЧЕЛА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Главната функција на средното образование на возрасните е да го поддржи личниот и професионалниот развој на граѓаните и развојот на економијата. Притоа, мерките на средното образование на возрасните не смеат да бидат во функција само на задоволување на барањата на пазарот на трудот, туку да овозможат еманципација и социјална инклузија на граѓаните.

Средното образование на возрасните треба да ги подготви возрасните да се справуваат со постојаните промени во општеството и во технологијата и за предизвиците што тие ги носат. Тоа треба да им помогне на возрасните да се соочат со промените во економијата, каде што многу работни места се затвораат, многу од нив исчезнуваат, но истовремено се отвораат и многу нови што досега не постоеле. Возрасните треба да бидат подготвени конструктивно да се соочат со промените што за нив може да бидат шанса за просперитетна иднина. Средното образование на возрасните треба да ги охрабрува граѓаните да ги надградуваат своите квалификации и да имаат проактивен и претприемнички став своите вештини да ги применуваат во различни професионални и приватни контексти.

Основните начела врз кои се гради концепцијата за средно образование на возрасните произлегуваат од хуманистичките и од просветителските традиции. Тоа се: суштинска вклученост на сите возрасни во квалитетно доживотно учење, осетливост за потребите на возрасните од ранливите групи, родова рамноправност, флексибилност, правичност, релевантност и применливост на учењето.

Инклузивно, родово рамноправно и правично средно образование на возрасните ќе овозможи географските, јазичните, етничките, половите или возрасните разлики да не бидат препрека за пристап на граѓаните до постојните мерки. Релевантно средно образование на возрасните ќе го инкорпорира искуственото учење засновано на клучните компетенции.

Од исклучителна важност за да биде успешно средното образование на возрасните, е тоа да развие доверба кај граѓаните. Без доверба дека во процесот на образование нешто ќе биде научено, дека вреди да се инвестира времето во образование и дека со конкретно ниво на образование лицето навистина ќе поседува одредена компетенција – образовниот систем нема да биде функционален.

# Признавање на претходното учење, знаење и вештини во контекс на доживотното учење

Клучен механизам во средното образование на возрасните е валидацијата на неформалното и информалното учење (ВНИУ), како механизам за признавање на компетенциите и на квалификациите што возрасните ги стекнале претходно во животот. Во ВНИУ се одразуваат сите начела на средното образование на возрасните: тоа да биде достапно, правично, релевантно, флексибилно, искуствено и насочено кон решавање проблеми. Концептот за доживотно учење во суштина се поистоветува со искуственото учење на граѓаните без оглед дали го стекнале во процес на формално, неформално или информално учење. Токму од ваквото разбирање на доживотното учење произлегуваат и препораките на Советот на ЕУ од 2012[20] година за признавање на сите компетенции и квалификации стекнати низ искуствено учење, односно низ неформално и информално учење. Со овие препораки им се препорачува на земјите членки и аспиранти кон ЕУ до 2018 година да имплементираат национални мерки за воспоставување систем на ВНИУ, што меѓу другото вклучува и поврзување со МРК, воспоставување систем за информирање и водење за ВНИУ, мерки за обезбедување квалитет, како и да се обезбеди обука за практичари на ВНИУ.

Овој пристап суштински се разликува од сегашната форма на вонредно средно образование на возрасните. Механизмот на ВНИУ се заснова на почитување на правото на поединецот да му се признаат компетенциите што реално ги поседува. Тоа во исто време е во интерес и на општеството, бидејќи на тој начин граѓаните би можеле квалификувано да се вклучат на пазарот на трудот и да придонесат за раст на економијата. Со поврзување на ВНИУ со образовните и со стручните квалификации во Националната рамка на квалификации се овозможува хоризонтална и вертикална мобилност на возрасните на образовен и на професионален план.

[20] Official Journal of the European Union, (December 2012) Council Recommendaton on the validation of non-formal and informal learning,  C 398/01, 2012,
http://eur-ex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:C:2012:398:0001:0005:EN:PDF



# ОБРАЗОВНИ СТАНДАРДИ: КЛУЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ И РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Примената на концептот за очекувани резултати од учењето е цврсто вграден во европските политики и практики за образование и обука. Занемарувањето на овој пристап вообичаено води кон пониски образовни резултати. Резултатите од учењето се предвидува да бидат изведени од националните стандарди за постигнувања во образованието – изградени врз клучните компетенции, а во корелација со стандардите на квалификации од МРК. Во оваа смисла, резултатите од учењето имаат улога на структурни елементи на образовната програма. Истовремено, тие служат како алатка за наставниците во реализацијата на програмата и како транспарентен патоказ за кандидатите за тоа кои знаења, вештини и ставови се очекува од нив да ги постигнат и да ги покажат за да се стекнат со соодветна образовна квалификација од МРК.

Според Препораките на Европскиот парламент и на Советот на Европа, клучните компетенции како основа за образовните програми стануваат и основа за развој на квалитетно образование, кое ќе овозможи соодветна образовна и социјална инклузија на сите граѓани. Во контекст на средното образование на возрасните, клучните компетенции се дефинираат на следниот начин:

1. Компетенција за комуникација на мајчин (прв) јазик: оспособеност на возрасните лица за правилно и примерено усно и писмено изразување и толкување концепти, мисли, чувства, ставови и факти, користење фонд на зборови во печатена или во дигитална форма во секојдневен животен и професионален контекст, како и јазична интеракција во различни социјални ситуации на работа, во образовен процес или во приватниот живот.

2. Компетенција за комуникација на странски јазици: основна оспособеност на возрасните лица за комуникација на друг јазик (јазици) и вештини за меѓукултурно разбирање; користење основен фонд на зборови на други јазици во печатена или во дигитална форма во секојдневен животен и професионален контекст.

3. Математичка компетенција и компетенции од природни науки и технологија: оспособеност на возрасните лица да развиваат и да применуваат математичко мислење за решавање проблеми од секојдневниот живот. Компетенцијата во природните науки и во технологијата се однесува на оспособеност за примена на сознанија засновани на научни факти и примена на технолошките достигнувања во објаснувањето на настаните и на појавите во природата, како и во секојдневниот приватен и работен контекст.

4. Дигитална компетенција: оспособеност на возрасните лица за безбедно, активно и критичко користење на информатичката технологија и на дигиталните алатки во секојдневниот приватен и работен контекст, и основна оспособеност за восприемање на брзите дигитални технолошки промени заради поефикасна примена на дигиталните технологии.

5. Компетенција за учење за личен развој: оспособеност на возрасните лица да користат различни форми на учење за личен и социјален развој; оспособеност за организација и истрајност во сопственото учење, и ефикасно управување со времето и со информациите како при самостојно учење, така и при учење во група. Подразбира оспособеност на

возрасните лица да најдат и да користат информации што им се потребни за решавање проблеми и задачи во секојдневниот приватен и работен контекст.

6. Социјална и граѓанска компетенција: оспособеност на возрасните лица активно, ефикасно и конструктивно да учествуваат во општествените и во професионалните процеси во едно мултикултурно општество. Подразбира оспособеност возрасните да идентификуваат и да разликуваат важни општествени, економски и политички концепти, како и да поседуваат лични, меѓучовечки и интеркултурни вештини за активно и демократско граѓанство.

7. Иницијативност и претприемништво: се однесува на развивање позитивен став и иницијативност кај возрасните лица да развиваат идеи за реализација на сопствените капацитети во професионален бизнис контекст, вештини и проактивен став да преземаат дејства за да ги реализираат своите идеи, оспособеност за планирање на своите цели и следење на плановите за нивно остварување и подготвеност рационално да преземаат ризик за реализација на бизнис концепти.

8. Компетенција за културно и за уметничко изразување: подразбира свесност за сопствената култура и за локалното, за националното и за европското културно наследство и оспособеност на возрасните лица креативно да ги изразуваат своите идеи, искуства и емоции низ различни медиуми, вклучувајќи и изведбени уметности, музика, книжевност и визуелни уметности.

Учењето засновано на клучните компетенции покрај тоа што ја развива компонентата на стекнување знаења, ги развива и другите две компоненти на менталните активности: тоа се метакомпонентите за решавање проблеми и носење одлуки, како и перформативните компоненти. На тој начин се создаваат услови да се развиваат сите три когнитивни способности: аналитичките, креативните и практичните.

Пристапот заснован на резултати од учењето и клучни компетенции, овозможува возрасните да ја развиваат вештината што се наметнува како приоритетна во светот на брзи технолошки промени, а тоа е вештината за приспособување на промени. Постојаните и брзи промени во технолошкиот свет особено силно се одразуваат на формата и на содржината на стручните компетенции во сите сектори. Стандардите за квалификации и очекуваните резултати од учењето од наставните планови и програми, нужно треба да бидат флексибилни и да имаат капацитет брзо да ги усвојат новините и промените. Истовремено, тие треба да бидат сензитивни и да поседуваат соодветни индикатори со кои кај возрасните лица ќе може да се препознаат современи технолошки компетенции што тие ги стекнале по неформален или информален пат.



# НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Наставните планови и програми за средното образование на возрасните се засновани врз клучните компетенции преточени во националните стандарди и очекуваните резултати од учењето што произлегуваат од нив. Клучните компетенции се крос-курикуларно вградени во наставните планови и програми. Во зависност од аспектите на кои се однесуваат, одредени клучни компетенции ќе се вградат во повеќе наставни програми (предмети), а истовремено, повеќе предмети може да содржат резултати од учењето за иста клучна компетенција. Наставните планови и програми треба да ја одразуваат меѓусебната поврзаност на појавите што се изучуваат во одделни предмети. Оттука, наставните содржини од различни, но блиски предмети, треба да се стават во меѓусебна корелација преку интеграција на темите што обработуваат исти или слични појави. Ваквиот пристап соодветствува на искуственото учење на возрасните односно на нивното животно искуство и овозможува интегрирано да ги восприемаат наставните содржини што се однесуваат на сложени концепти за кои тие веќе имаат одредено искуство. Во Табела 1, за секоја предметна програма од редовното средно образование е прикажано кои клучни компетенции може да ги опфати со програмите за СОВ.

Табела 1: Корелација на предметните програми со клучните компетенции

| Предмети во редовното средно образование | Клучни компетенции опфатени во предметната програма за СОВ |
|---|---|
| Македонски / албански / турски јазик и литература | • Комуникација на мајчин јазик<br>• Социјална и граѓанска компетенција<br>• Компетенција за учење за личен развој<br>• Дигитална компетенција |
| Странски јазик | • Комуникација на странски јазик<br>• Социјална и граѓанска компетенција<br>• Компетенција за учење за личен развој<br>• Дигитална компетенција |
| Математика | • Математичка компетенција и основна компетенција за природни науки и технологија<br>• Компетенција за учење за личен развој<br>• Иницијативност и претприемништво<br>• Дигитална компетенција |
| Физика | • Математичка компетенција и основна компетенција за природни науки и технологија<br>• Компетенција за учење за личен развој<br>• Иницијативност и претприемништво<br>• Дигитална компетенција |
| Биологија | • Математичка компетенција и компетенција за природни науки и технологија<br>• Компетенција за учење за личен развој<br>• Иницијативност и претприемништво<br>• Дигитална компетенција |
| Хемија | • Математичка компетенција и компетенција за природни науки и технологија<br>• Иницијативност и претприемништво<br>• Компетенција за учење за личен развој<br>• Дигитална компетенција |
| Стручни / технички предмети | • Математичка компетенција и компетенција за природни науки и технологија<br>• Иницијативност и претприемништво<br>• Дигитална компетенција<br>• Компетенција за учење за личен развој |

| | |
|---|---|
| **Географија** | • Математичка компетенција и компетенција за природни науки и технологија<br>• Компетенција за учење за личен развој<br>• Социјална и граѓанска компетенција<br>• Иницијативност и претприемништво<br>• Дигитална компетенција |
| **Историја** | • Социјална и граѓанска компетенција<br>• Компетенција за културно и уметничко изразување<br>• Компетенција за учење за личен развој<br>• Дигитална компетенција |
| **Информатика / програмски јазици** | • Дигитална компетенција<br>• Компетенција за учење за личен развој<br>• Иницијативност и претприемништво<br>• Социјална и граѓанска компетенција |
| **Филозофија / Етика / Логика** | • Социјална и граѓанска компетенција<br>• Компетенција за културно и уметничко изразување |
| **Социологија/ Граѓанско образование** | • Социјална и граѓанска компетенција<br>• Иницијативност и претприемништво<br>• Компетенција за културно и уметничко изразување |
| **Педагогија** | • Социјална и граѓанска компетенција<br>• Компетенција за културно и уметничко изразување |
| **Психологија** | • Социјална и граѓанска компетенција<br>• Компетенција за културно и уметничко изразување |
| **Право** | • Социјална и граѓанска компетенција<br>• Иницијативност и претприемништво |
| **Економија / Бизнис и претприемништво / Менаџмент** | • Иницијативност и претприемништво<br>• Социјална и граѓанска компетенција<br>• Дигитална компетенција |
| **Ликовна / музичка / драмска уметност** | • Компетенција за културно и уметничко изразување<br>• Социјална и граѓанска компетенција<br>• Компетенција за учење за личен развој<br>• Иницијативност и претприемништво<br>• Дигитална компетенција |

Националните стандарди за СОВ се еквивалентни на националните стандарди за редовното формално средно образование. Оттука, се предвидува да се развијат различни наставни планови и програми за гимназиско и за стручно образование за возрасните, кои се развиваат во согласност со плановите и со програмите за редовното средно образование.

Со оглед на тоа што предвидените резултати од учењето што се очекува да се постигнат со наставните планови и програми за гимназиско и за стручно образование на возрасните се еквивалентни на стандардите во редовното средно образование и обука, со завршување на програмите возрасните лица стекнуваат образовна квалификација на ниво 2, 3 или 4 од МРК и стекнуваат јавна исправа или диплома за соодветното ниво:

- стручна оспособеност на ниво 2 од МРК со завршување програма еквивалентна на 2-годишната програма за стручно оспособување;
- диплома за стручно образование за занимања со завршување програма еквивалентна на 3-годишната програма за стручно образование за занимања; и
- диплома за техничар на ниво 4 од МРК со завршување програма еквивалентна на 4-годишната програма за техничко образование.

Постојат суштински разлики во пристапот и во процесите како адолесцентите и возрасните ги стекнуваат резултатите од учењето предвидени со наставните планови. Животните позиции и животните искуства на возрасните лица што искуствено стекнале низа компетенции, ја прават неприменлива формата со фиксен фонд на часови за реализирање на наставниот план – како во редовното средно образование. Придржување на фиксен фонд на часови настава неделно или годишно е несоодветно за образование на возрасните, во кое предвидените резултати од учењето се стекнуваат и се потврдуваат со примена на мерките на ВНИУ. Динамиката на образовниот процес и потребниот фонд на часови поучување се условени од нивото на претходно стекнатите компетенции кај секој поединечен возрасен кандидат. Тоа ниво се утврдува по пат на процена во текот на валидацијата. Врз основа на таа процена, се изработува индивидуализиран работен план за возрасните кандидати – кој подразбира флексибилен и приспособен фонд на часови, потребни за поучување на кандидатот над нивото утврдено со процената. Ова значи дека различни возрасни лица, во зависност од нивните способности и животни услови, предвидените резултати од учењето и потребните компетенции ќе ги стекнуваат со различна брзина и динамика.

Наставните планови за струките што спаѓаат во регулирани професии – како и начинот на нивно реализирање – се изработуваат и се одобруваат со вклученост на претставници од стручните организации во сферата на дадената професија, односно стручните/професионалните комори или коморски здруженија. Тоа се однесува и на организирањето на фазите на ВНИУ и на формирањето на комисиите за процена и сертифицирање во рамките на ВНИУ, како и за секаков вид полагање испити.

Во рамките на стручното образование, секој од наставните планови за 2-годишно, 3-годишно и 4-годишно образование се состои од два кластера, односно две групи наставни про-

грами (предмети): 1. општообразовни и 2. стручни предмети, вклучително со дел за практична обука. За секоја струка се изработуваат наставни програми за возрасни за кластерот на општообразовни предмети, со резултати од учењето еквивалентни на наставните програми за стручно образование за струката. Тој сет општообразовни предмети би се користеле во сите институции каде што ќе се спроведува СОВ, за сите квалификации и занимања во рамките на струката. Доколку наставните планови се преклопуваат, одредени општообразовни предмети може да се користат во рамките на повеќе струки.

Наставните програми од стручниот кластер во рамките на одредена струка се изработуваат во согласност со стандардите на квалификации од МРК за струката и соодветно на нивото на образовна квалификација.

Во натамошна фаза на операционализација на Концепцијата за средно образование на возрасните треба да се развијат Работни наставни програми за СОВ, со еквивалентни резултати од учењето на националните стандарди. Овие програми треба да содржат подробни резултати од учењето, со што тие ќе може да им служат на возрасните граѓани како водич во процесот на стекнување и валидирање на компетенциите, но и на кадарот вклучен во СОВ, а пред сè низ фазите на ВНИУ – како заедничка платформа и за наставниците и за кандидатите. На тој начин програмите транспарентно ќе им покажуваат на возрасните кои компетенции се очекуваат од нив, односно, кои знаења, вештини и ставови се очекува да ги поседуваат и да ги покажат за да се стекнат со соодветна образовна квалификација. Овие програми треба да бидат лесно разбирливи за возрасните кандидати за да можат да ги користат како дидактички водичи, со кои ќе направат првична лична процена кои компетенции веројатно веќе ги поседуваат, а кои знаења, вештини и ставови дополнително ќе треба да ги усвојат за да се стекнат со конкретна образовна квалификација за која се заинтересирани. Вака осмислени, програмите ќе имаат и силно мотивирачко дејство врз потенцијалните возрасни кандидати за СОВ, бидејќи полесно ќе можат да ја согледаат и крајната цел на процесот, и попатните чекори.

Наставните програми за стручно образование за возрасните треба да бидат модуларни, усогласени со стандардите за квалификации од МРК. Модуларноста на програмите на кандидатите ќе им овозможи хоризонтална мобилност низ различни квалификации што имаат исти или сродни/слични модули во рамките на стандардот, а истовремено и олеснета вертикална проодност низ нивоата на квалификации благодарение на веќе донесените модули.

Во контекст на развивање на дигиталната компетенција, наставните програми треба да бидат развиени и достапни за возрасните кандидати во дигитална форма.



# ПОУЧУВАЊЕТО ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Поучувањето на возрасните на знаењата, вештините и ставовите потребни да се стекнат со конкретна квалификација, е клучен аспект на средното образование на возрасните. Поучувањето може силно да ги мотивира возрасните, но неприлагоденоста може уште посилно да ги демотивира да учествуваат во процесот. Тоа треба да биде поврзано со искуственото учење стекнато низ различни животни подрачја и наедно да го стимулира. Поучувањето треба да ги одразува начелата на средното образование на возрасните, во смисла да поттикнува учење за личен развој и доживотно учење засновано на претходното искуство на кандидатите, а притоа да биде осмислено на начин да им биде предизвик за повисоки и реално остварливи нивоа на компетенции; да поттикнува учење низ истражување во рамките на темата што се изучува, како и активен пристап кон барање информации и ресурси потребни за извршување на задачите.

Во поучувањето, наставниците од општообразовните предмети и од стручните предмети треба да соработуваат и заеднички да ја осмислуваат структурата и чекорите на индивидуалната програма за поучување – со крајна цел кандидатот/кандидатката на рационален начин да ги постигне очекуваните резултати од учењето. Тоа може да се реализира така што наставниците од стручните и од општообразовните предмети заеднички ќе ги утврдат чекорите и резултатите од учењето. На пример: во поучувањето по стручен предмет да се внесат елементи на математички операции, работа со податоци и нивна обработка, табеларни и графички прикази, примена на соодветни сознанија и вештини од природни или од општествени науки, примена на вештини од сферата на јазикот, културата итн. Поучувањето и обуката за стручните компетенции треба да биде засновано на искуство на работа и на начелата на дуалното образование, а во соработка со соодветни компании.

Поучувањето треба да се потпира на дигитални алатки и на информатичка технологија и да поттикнува нивна употреба. Програмите треба да им овозможат на возрасните и интерактивна онлајн комуникација со содржините, што ќе овозможува да се вклучуваат во време што ним им одговара и да го приспособуваат учењето на своето слободно време, или, пак, програмите да ги практицираат во текот на работното време и професионалните активности. На тој начин, програмите би биле достапни на увид на сите потенцијални кандидати, со што ќе се постигне поголема ефикасност и флексибилност во поучувањето, во услови кога обезбедување наставен кадар за возрасните лица може да биде еден од поголемите проблеми од аспект на ресурси и логистика. Така ќе се овозможат значителни заштеди во поглед на ангажирање наставен кадар. Во секој случај, поучувањето лице в лице со физичко присуство останува еден од највлијателните позитивни фактори во овој процес, но тоа се сведува на неопходниот квантум. Во контекст на поврзување на содржините од различни предмети и во духот на искуственото учење, вклучениот кадар од конкретна група предмети, може да прави процена како да се организираат периодите на поучување на возрасните кандидати за да се обезбеди интеграција на содржините од блиските предмети. Поучувањето по предмети од истата научна или уметничка група може да биде организирано во поврзани блокови, на што би се надоврзал и интердисциплинарен пристап во оценувањето или при процената на компетенциите на кандидатите.



# ОЦЕНУВАЊЕТО ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Концепцијата за средно образование на возрасните предвидува примена на развојно-ориентиран пристап кон учењето и оценувањето, во кој оценувањето го поддржува учењето, а учењето го поддржува оценувањето. Оценувањето на компетенциите на кандидатите низ валидација или испит, треба да биде механизам кој на возрасните кандидати ќе им служи како показател за нивните актуелни постигнувања и водич во усвојувањето на следните резултати од учењето.

Оценувањето не смее да биде сосредоточено само на знаењата, без да ги вклучува и вештините и ставовите (вредностите). Образованието на возрасните е засновано на клучните компетенции и оценувањето нужно се однесува на нив во целост, односно вкупност. Компетенциите се (пр)оценуваат во контекст на искуственото или доживотното учење на кандидатите, без оглед дали очекуваните резултати од учењето ги стекнале по формален пат или не. Професионалното однесување се (пр)оценува во реалистичен контекст, со истовремена (пр) оценка на знаењата и на вештините што се во основата на тоа професионално дејствување. На тој начин се прави валидна и релевантна процена за подготвеноста на кандидатите за компетентно вклучување во општествените процеси и размената на трудот и подготвеноста за справување со промените во високотехнолошкото општество.

Динамиката на (пр)оценување на компетенциите на возрасните е приспособена на динамиката на нивното напредување во стекнувањето на резултатите од учењето. Оценувањето може да биде организирано во блокови на општообразовни и стручни предмети, или предмети од исти или од блиски научни полиња.

Оценувањето како процес главно подразбира формативни и сумативни методи. Вообичаено е во образованието на возрасните формативното оценување да биде запоставено. Доколку оценувањето на возрасните главно се заснова на сумативни методи, тоа носи посебен ризик од причина што возрасните што се долго време надвор од образовниот процес ги изгубиле училишните навики, а поради важноста на целиот процес, сумативното оценување може да биде исклучително стресно. Дополнително, примена само на сумативно оценување ја намалува „еколошката валидност“ и контекстуализирањето на целокупниот процес на учење и оценување. Ваквиот пристап го зголемува ризикот од демотивација на кандидатите и нивно осипување од процесот на доживотно учење.

Улогата на формативното оценување може делумно да ја замени дефиниран метод на изработка на портфолио подготвено од возрасниот кандидат, во кое ги документира резултатите од учењето постигнати по неформален и информален пат. Портфолиото може да биде составен дел на процената во текот на ВНИУ од страна на проценувачот (наставникот). Како основа за подготовка на портфолио за формативно оценување може да служат и „Работните наставни програми“ подготвени во идна фаза на операционализација на Концепцијата за средно образование на возрасните, кои ќе содржат подробни резултати од учењето и примери за критериуми за оценување. Тие ќе им овозможат на кандидатите да стекнат увид во тоа што се очекува од нив да демонстрираат во процесот и ќе им помогне да осмислат на кој начин би можеле да ги докажат своите компетенции. Доколку не може да се утврди веродостојноста и авторството на портфолиото, тоа не би се земало предвид во оценувањето

на кандидатот/кандидатката. Но и во таков случај, оваа постапка има вредност во тоа што ќе ги вклучи кандидатите во темите и во концептите од програмата, очекуваните резултати од учењето би станале познати, поблиски и дофатливи, и веројатно ќе ја зголеми нивната мотивација да ги стекнат предвидените резултати од учењето.

Од друга страна, придржувањето до „Работните наставни програми" ќе овозможи сите чинители во процесот да имаат иста и јасна претстава што е тоа што треба да се поучува и да се оценува, односно што треба кадарот да поучува и да оценува, и што треба кандидатите да покажат при оценувањето. На тој начин се обезбедува процесот на (пр)оценување да биде објективен, релијабилен и доследен, независно од тоа каде се спроведува во државата.



# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ВНИУ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Средното образование на возрасните е составен дел на единствениот систем на формалното средно образование. Но, тоа се разликува во начинот на реализација од редовното средно образование. Постојат повеќе причини поради кои возрасните не може да се вклучат во редовното средно образование заедно со актуелните  средношколци, а најочигледни се разликата во возраста и специфичните секојдневни обврски на возрасните. Поради разликата во возраста, возрасните лица и адолесцентите не посетуваат настава заедно, а од друга страна, работните и семејните обврски на возрасните подразбираат сосема поинаква организација на денот, што ги попречува редовно да посетуваат настава. Дополнително, возрасните лица имаат богато животно искуство низ кое стекнале многу знаења, вештини и ставови, кои се предвидени со програмите за редовно средно образование, за кои нема потреба да посетуваат редовна настава. Од тие причини, еден напреден и инклузивен образовен систем им овозможува на возрасните препознавање и признавање на компетенциите и на квалификациите што тие веќе ги поседуваат, како и можности за доживотно учење кое се надградува врз нив. Ваквиот пристап во преден план го става механизмот за валидација на неформалното и информалното учење (ВНИУ или валидација). Во изданието на европскиот Водич за валидација на неформалното и информалното учење од 2015 година[21], процесот на ВНИУ се дефинира на следниот начин:

> *„Валидацијата, пред сè, се однесува на тоа, различното и богатото учење на поединците да се направи видливо. Учењето често се одвива вон формалното образование и обука – дома, низ работни активности или преку слободни активности – и често се занемарува или се игнорира. Второ, валидацијата се однесува на вреднувањето на учењето на поединците, без оглед на контекстот во кој учењето се одвивало. Минувањето низ процесот на валидација му помага на оној што учи да го „размени“ резултатот на неформалното и информалното учење за идно учење или можности за вработување. Процесот мора да создаде доверба, особено со покажување дека условите за сигурност, валидност и обезбедување квалитет се исполнети. Овие елементи на видливост и вредност секогаш ќе треба да се земаат предвид при креирањето на подготовките за валидација, без оглед на различните начини и комбинации“.*

Примената на ВНИУ значи дека дефинираните стандарди во наставниот план и во наставните програми за средно образование на возрасните се реализираат низ флексибилен процес на постојани, последователни и поврзани фази на процена и поучување. Односно, фази на процена на актуелното ниво на компетенции на кандидатите стекнато низ претходно учење, на кои се надоврзува индивидуализирано дополнително поучување и обука од соодветен кадар за натамошно развивање и комплетирање одредени компетенции и квалификации.

ВНИУ е во јадрото на четвртата цел за одржлив развој на ОН, која бара да се обезбеди правичен пристап до инклузивно и квалитетно образование и да промовира доживотно учење за сите. Потребата и улогата на ВНИУ суштински произлегува од пристапот кон креирање образовни програми засновани на резултати од учењето. Сите резултати од учењето, однос-

[21] European Guidelines for validating non-formal and informal learning, CEDEFOP reference series 104 Luxembourg: Publications Office of the European Union, 2015

но сите компетенции и квалификации, кои граѓаните ги имаат стекнато, начелно треба да се направат видливи и соодветно валидирани (признаени), без оглед кога, каде и низ каква форма на учење биле стекнати. Овој механизам им овозможува флексибилно напредување на возрасните во текот на животот.

Валидацијата на неформалното и информалното учење и сертификацијата на квалификациите ќе стане уште поважно во работниот контекст во иднина, кога се очекува луѓето да бидат во ситуација многу почесто да ги менуваат работните места и постојано да треба да стекнуваат нови вештини. Со примена на валидацијата може да се намали дефицитот на квалификувани лица во економските оператори, како и трошоците за стекнување квалификации на граѓаните со ниско ниво на вештини и трошоците за преквалификација и за доквалификација на работниците. Тоа значи дека ВНИУ станува еден од централните механизми за обезбедување образовна и социјална инклузија и за креирање политики за унапредување на пазарот на трудот. Поконкретно, придобивките за чинителите во средното образование на возрасните се следните:

Придобивки од ВНИУ за возрасните лица вклучени во СОВ

- возрасните нема потреба да следат настава или обуки за компетенции што веќе ги поседуваат;
- возрасните заштедуваат време и сите трошоци за образование и обука за компетенции што веќе ги поседуваат;
- возрасните добиваат можност да ги валидираат своите знаења и вештини на побрз, флексибилен и едноставен начин;
- возрасните со ВНИУ добиваат повеќе можности за преквалификација и за доквалификација на своите компетенции и квалификации;
- поседувањето јавна исправа за одредена образовна квалификација ги прави возрасните поконкурентни на пазарот на трудот и им овозможува хоризонтална и вертикална мобилност;
- резултатите од ВНИУ придонесуваат за самодоверба и личен развој и за признание на возрасните во општеството.
- Придобивки од ВНИУ за општеството и за стопанството
- се обезбедува соодветен одговор на брзите промени на пазарот на трудот и се зголемува уделот на квалификувана работна сила на пазарот на трудот, а посебно во делот на дефицитарни квалификации;
- работодавачите може подобро да ги искористат компетенциите на своите вработени, кои стануваат видливи;
- се зголемува мотивацијата и продуктивноста на вработените;

- се подобрува општата економска продуктивност и конкурентност;
- се унапредува социјалната инклузија и кохезија, како и активното граѓанство.

Придобивки од ВНИУ за образовниот систем

- се заштедува време на наставниот кадар и се намалуваат сите трошоци за реализација на образование и обука;
- се прошируваат можностите за продолжување на доживотното учење на граѓаните – вклучувајќи го и високото образование;
- се овозможува образовниот систем значително повеќе да придонесе да се подигне образовното ниво на граѓаните;
- се овозможува засилен развој на институциите за образование на возрасните.

# Методолошки насоки и фази на ВНИУ

Процесот на ВНИУ е релативно прецизно утврден во релевантните документи на ЕУ за образовните политики. Тој се состои од четири дефинирани фази со одреден редослед: 1 – Идентификација, 2 – Документација, 3 – Процена, 4 – Сертификација.

Со цел информациите за можностите за ВНИУ да допрат до поголем број потенцијални возрасни кандидати, а воедно тие да бидат соодветно информирани и подготвени за процесот пред да аплицираат, се предвидува пред-фаза на почетно информирање на потенцијалните кандидати за средно образование на возрасните. Соодветно обучен и делегиран кадар, на потенцијалните кандидати за ВНИУ:

- ќе им ги дава неопходните првични информации за можностите на процесот на валидација,
- ќе ги охрабрува и ќе ги поттикнува да се вклучат во процесот на валидација во функција на завршување средно образование на возрасните,
- ќе им дава информации за акредитирани институции за валидација и средно образование на возрасните, како и за процедурата за запишување.

Почетното информирање се спроведува преку мрежа на „информациски пунктови", која може да ја сочинуваат локалните канцеларии на сите институции релевантни за образованието и за инклузијата на возрасните: средни училишта/ РЦСОО, регионални единици на локална самоуправа, подрачни единици на МТСП и АВРСМ, работодавачи, стопански комори, синди-

кални организации, отворени граѓански универзитети, невладини организации, младински клубови, религиозни организации.

Повторно вклучување во образовниот процес за возрасните лица може да биде многу стресно, што е фактор на ризик за успешноста на мерките на средното образование на возрасните. Оттука, ваков подготвителен период е многу е важен за возрасните лица, во кој ним треба да им се даде охрабрување и поддршка дека во животот стекнале конкретни знаења и вештини, кои низ процесот на ВНИУ може да им бидат потврдени и да им бидат признаени.

По првичното информирање, без оглед на кој начин е добиено, кандидати се запишуваат во средно образование за возрасни по однапред утврдени услови и процедура, по што следува реализацијата на фазите на ВНИУ:

## Фаза 1 – Идентификација

Во оваа фаза се идентификуваат компетенциите на поединецот стекнати преку неформално и формално учење. Клучна задача во фазата на идентификација е знаењата, вештините и компетенциите на кандидатот да се направат видливи, за да може да бидат проценети понатаму. Фазата на идентификација почнува со иницијална проверка и преглед на знаењата и на вештините на кандидатот споредено со утврдените резултати од учењето од општообразовните и од стручните предметни програми, а соодветно на конкретен стандард на квалификација.

Кадарот вклучен во оваа фаза низ процес на советување и водење, на кандидатите им доловува какви се критериумите за процена, како понатаму се одвива документирањето на доказите за поседување компетенции, кои се можностите за понатамошно учење и за стекнување конкретни нивоа на квалификации итн. Фазите на идентификација и на документирање докази за стекнати компетенции имаат поголема применливост во стручното образование на возрасните, од причини што условите во кои може да се докажат стручни компетенции се посложени и бараат повеќе просторни и технички услови. Како резултат на почетната идентификација и насочување, се очекуваат следните исходи:

- Кандидатот да биде свесен за сите услови што треба да се исполнат за доделување на квалификацијата;
- Кандидатот да има јасни насоки за фазата на документирање на доказите за стекнати резултати од учењето;
- За резултатите од учењето што не се поткрепени со достапни докази и не може да се проценат, кандидатот да биде советуван за вклучување во дополнително образование и обука, и да добие совети за достапните можности.

### Фаза 2 – Документација

Оваа фаза од процесот на ВНИУ подразбира документирање на доказите за постигнувањата на поединецот во однос на утврдените резултати од учењето. Доказите за стекнати резултати од учењето се документираат во Портфолио. Тоа е посебно важно во валидацијата на стручните компетенции (резултати од учењето од стручните предметни програми), каде што е потребно да се презентираат докази за стручноста, односно дека се поседуваат знаења, вештини и ставови неопходни за одредена квалификација. Доставените докази од кандидатите треба да се проверливи за да може да се потврди нивната веродостојност. Портфолиото е појдовната основа за следната фаза на валидацијата – Проценувањето на стекнатите резултати од учењето, и затоа тоа треба да се креира имајќи ги како репер резултатите од учењето на целната квалификација. При креирањето на портфолиото треба да се води сметка дека проверката на доказите (проследено и со проверка на стручноста), треба да ѝ помогнат на комисијата да процени дали кандидатот/кандидатката покажува задоволително ниво на постигнувања предвидени со стандардот на квалификацијата, а потоа, доколку одлуката е позитивна и да се издаде соодветен сертификат, односно јавна исправа.

Документирањето докази во портфолио може да биде корисно и за формативно оценување при валидацијата на компетенциите од општообразовните предмети.

### Фаза 3 – Процена

Фазата на процена ја организира и ја спроведува акредитирана установа за валидација на образовни квалификации, што вообичаено е средно училиште. Процената на знаењата, вештините и на ставовите на учесникот ја врши Комисија за проценување, составена од членови претставници на институции релевантни за квалификацијата што се проценува, а во согласност со подзаконски акти. Комисијата проценува на кое ниво кандидатите ги имаат стекнато резултатите од учењето предвидени за одредена образовна квалификација.

При валидација на стручни компетенции, односно резултати од учењето од стручните предметни програми, поголема важност има процената на портфолиото. Имено, се проценува дали и на кое ниво доказите ги потврдуваат компетенциите на кандидатот. Воедно, комисијата ја проценува и веродостојноста на портфолиото и по потреба спроведува проверка на стручните компетенции. Во фазата на процена, комисијата користи и класични методи и тестови за оценување. На вакви методи повеќе се заснова валидацијата на резултати од учењето од општообразовни предмети.

Процената треба да резултира со јасен резултат и информација за кандидатите – на кое ниво се нивните компетенции во однос на предвидените резултати од учењето за конкретна образовна квалификација. Доколку со процената може да се потврди дека кандидатот/кандидатката ги поседува сите компетенции за одредена квалификација, може да се пристапи кон сертификација, односно издавање јавна исправа за образовна квалификација на соод-

ветното ниво од МРК. Доколку процената покажува дека не се достигнати сите резултати од учењето за целната квалификација, процената, всушност, ќе даде вредна информација до кое ниво кандидатот/кандидатката ги поседува компетенциите, односно кои резултати од учењето ги има стекнато, а кои дополнително треба да ги постигне за да се стекне со соодветна квалификација. Односно, од кое ниво на резултати од учењето треба да се продолжи со поучување на кандидатот/кандидатката за да ги постигне предвидените резултати од учењето. Кадарот во образовната институција предлага индивидуализиран план на работа за напредување за кандидатот до постигнувањето на резултатите од учењето. Кандидатот/кандидатката може да помине повеќе наизменични фази на процена проследени со поучување и обука до стекнување одредена квалификација.

### Фаза 4 – Сертификација

Последната фаза во процесот на ВНИУ е сертификација на потврдените компетенции во однос на образовни квалификации содржани во Националната рамка за квалификации. По позитивна процена, на кандидатот/кандидатката му/ѝ се издава јавна исправа за образовна квалификација. Јавната исправа е идентична со таа добиена во редовно средно образование. Документот претставува официјална потврда дека кандидатот/кандидатката низ официјален процес постигнал/а одреден стандард и со него се потврдува квалификуваноста. Фазата на процена ја организира и ја спроведува акредитирана установа за валидација на образовни квалификации, што вообичаено е средно училиште.

Во натамошната операционализација на Концепцијата за средно образование на возрасните потребно е да се изработат правилници што ќе го регулираат спроведувањето на ВНИУ, како и детална методологија за ВНИУ за гимназиско и за стручно средно образование.



# ИНСТИТУЦИОНАЛНИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

## Институции и организации вклучени во реализацијата на СОВ

Во голема мера активностите во рамките на СОВ ќе ги спроведуваат средните училишта акредитирани за оваа дејност, кои имаат компетентен кадар и соодветни просторни и технички услови. Активностите предвидени во фазите на оценување и сертификација целосно се спроведуваат во акредитирани средни училиштата.

Покрај училиштата, и други институции и организации може активно да учествуваат во фазите пред оценувањето на компетенциите и сертификацијата, какви што се: првичното информирање, советување и водење на кандидатите, во поддршката за идентификација на релевантните компетенции и документирањето на доказите за стекнати компетенции, и во поучувањето на кандидатите за да ги постигнат резултатите од учењето за одредена квалификација. Овие активности, со соодветно овластување од надлежните институции и во соработка со средните училишта, со ЦОВ, ЦСОО и БРО, може да бидат реализирани од:

- отворените граѓански универзитети,
- невладини организации вклучени во образовни дејности – кои имаат искусен и обучен кадар за комуникација и работа со ранливи групи,
- подрачните единици на Агенцијата за вработување – со оглед на природата на нивната активност, а воедно, бидејќи имаат просторни и кадровски услови,
- компаниите со своите едукативни ресурси,
- единиците на локалната самоуправа,
- Државниот испитен центар – со својот кадар обучен за различни форми на оценување и со инструменти што се користат во национални и во меѓународни тестирања.

Од клучна важност е поддршката што средното образование на возрасните треба да ја добие од надлежните институции во смисла на хармонизација на надлежностите во оваа сфера, преточено во релевантната легислатива. Потребна е поддршка и во поврзување на реализаторите на средното образование на возрасните со компании и работодавачи, со цел да се обезбедат соодветни кадровски и технички ресурси за спроведување на активностите од стручното образование на возрасните. Воедно, од голема важност е поддршката од институциите во промоцијата на образованието на возрасните – истакнувајќи ја важноста од различни аспекти: за остварување на правото на образование, од економски аспект, во функција на унапредување на социјалната инклузија и кохезија итн.

## Кадарот во средното образование на возрасните

За да се остварат функциите на средното образование на возрасните за квалификација, еманципација и социјализација на граѓаните, клучна е поддршката од компетентен и обучен кадар, кој треба да создаде позитивна и конструктивна клима во образовниот процес. Во таа насока, од голема важност е соодветна подготовка на кадарот, имајќи ја предвид специфичноста на возраста на кандидатите, како и специфичноста на предвидените мерки. Првен-

ствено, ЦОВ треба да го обучи кадарот вклучен во СОВ за пристапот и за спроведувањето на фазите на ВНИУ, засновано на педагошките сознанија за образование на возрасните. Кадарот вклучен во СОВ првенствено треба да има афирмативен став кон средното образование на возрасните и кон механизмот на валидација и свесност за можностите за развој што тие им ги пружаат на граѓаните и на општеството.

Клучен кадар за реализација на средното образование на возрасните се наставниците во средните училишта. Со мерки за оптимизација на постојниот кадар во образовниот систем во РСМ, значителен број наставници што немаат доволен фонд на часови може да бидат ангажирани во активностите на средното образование на возрасните. Во подготовката на наставниците, значајна поддршка треба да се обезбеди преку соработка со кадарот од стручната служба во училиштата, пред сè педагозите, психолозите и специјалните едукатори. Во фазите на идентификација и на документација, и во континуираното поучување на кандидатите, а посебно за лицата од ранливи групи, од голема важност е ангажманот на кадарот од другите институции, организации и компании вклучени во средното образование на возрасните. Се препорачува создавање дигитална платформа за поддршка и за комуникација меѓу наставниците, училиштата и сиот кадар, вклучени во средното образование на возрасните. Платформата може да служи за споделување добри практики, приоди во работата со возрасните, можности за соработка со други институции, организации, компании, НВО итн.

Кадарот вклучен во СОВ треба да има оптимално развиена дигитална компетенција како би можеле квалитетно да ги поучуваат кандидатите и да ги зајакнуваат знаењата, вештините и ставовите на возрасните кандидати во сферата на дигиталната технологија. Ако се има предвид дека само 39 % од наставниците во ЕУ се чувствуваат добро подготвени да ги користат дигиталните технологии во својата секојдневна работа, можеме да претпоставиме дека силна поддршка во оваа сфера е потребна и за кадарот во нашата држава. Кризата со пандемијата го издигна ова прашање меѓу врвните приоритети во контекст на зајакнување на наставничките компетенции и претставува пресвртна точка во начинот на кој се користат дигиталните алатки во образованието и во обуката. Со оглед на големиот интерес на ЕУ за ова прашање, се препорачува поврзување со европските мрежи и фондови за оваа намена, со што ќе се обезбеди експертска и материјална поддршка. ЕУ во текот на 2020 и 2021 година разви нова дигитална интерактивна платформа за дигитално образование (European Digital Education Hub) со континуирани меѓунационални и експертски консултации. Платформата со употреба ќе почне во јануари 2022. Оваа платформа ќе овозможи создавање заедница на соработка низ практика, национални сервиси за советување за дигитално учење и образование, како и алатка за размена на добри практики во дигиталното образование. Платформата ќе функционира во согласност со Акцискиот план за дигитално образование на ЕУ од 2020 година (Digital Education Action Plan 2021-2027)[22] .

[22] Извор: https://ec.europa.eu/education/sites/default/files/document-library-docs/deap-swd-sept2020_en.pdf



# ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВОЗРАСНИТЕ

Современо средно образование на возрасните треба да ги подготвува граѓаните на постојаните и брзи промени во информатичката технологија и дигитализацијата, кои се одразуваат на секојдневниот професионален и приватен живот. Системот на средно образование на возрасните треба да развие и да инкорпорира добри практики и политики и да ги приспособи на националните услови, со цел да се развиваат дигиталните компетенции кај граѓаните.

Европската референтна рамка за дигитални компетенции на граѓаните 2.0 (The Digital Competence Framework 2.0)[23] е документ-алатка на Европската комисија, во кој се утврдуваат клучните компоненти на дигиталната компетенција во пет области. Во контекст на образование на возрасните, се очекува тие да се оспособени во следниве области:

1. Писменост за работа со дигитални податоци: оспособеност на возрасните да дојдат до потребните податоци, да ја евалуираат релевантноста на содржината и на изворот, и оспособеност да ракуваат и да ги зачувуваат податоците;

2. Комуникација и соработка: оспособеност на возрасните за интеракција, комуникација и соработка со помош на дигитални технологии почитувајќи ја културната и генерациската разноликост; оспособеност да се менаџира сопствениот дигитален идентитет, оспособеност за активно граѓанство и да се учествува во општествените процеси преку дигитални сервиси;

3. Креирање дигитални содржини: базична оспособеност на возрасните да креираат и да едитираат дигитални содржини, во смисла на дигитално изразување на сопствените идеи и производи, разбирајќи ги политиките за авторски права;

4. Безбедност: оспособеност на возрасните да ги заштитат дигиталните уреди, личните податоци и приватноста во дигиталното опкружување, да се заштити физичкото и менталното здравје; и свесност за влијанието на дигиталните технологии и содржини врз добросостојбата и врз менталното здравје;

5. Решавање проблеми: оспособеност на возрасните да идентификуваат проблеми и потреби чие појавување или решавање е поврзано со дигиталните технологии; оспособеност да се користат дигитални алатки за иновативни процеси и производи.

Образовниот систем треба да има јасна цел и прикладни мерки со кои возрасните ќе се оспособат во овие области, а воедно тие компетенции да се поврзат со можностите за претприемништво и за отворање сопствени бизниси. Мерките на системот за СОВ треба да ги охрабрат возрасните конструктивно да се адаптираат на постојаните технолошки промени што силно се одразуваат и на пазарот на трудот, а посебно по кризата со пандемијата на КОВИД-19. Средното образование на возрасните треба да испраќа јасна порака дека единствено нешто што е константно е промената – што се манифестира и во промените во побарувањата на

[23] Vuorikari R, Punie Y, Carretero Gomez S and Van Den Brande G. DigComp 2.0: The Digital Competence Framework for Citizens. Update Phase 1: the Conceptual Reference Model. EUR 27948 EN. Luxembourg (Luxembourg): Publications Office of the European Union; 2016. JRC101254

квалификациите на пазарот на трудот и воедно да им помогне на возрасните успешно да ги апплицираат клучните и трансверзалните компетенции во перманентното приспособување на технолошките и на економските промени.

Акцискиот план за дигитално образование (Digital Education Action Plan (2021-2027) е документ што со своите стратегиски насоки треба да биде водич и за мерките за дигитализација на средното образование на возрасните во РСМ. Политиките што ги застапува планот се во насока на поддршка на одржлива и ефективна адаптација на системот за образование и обука на дигиталното време.

Две приоритетни области во развојот на дигитализирано СОВ се:

1. Да се развие дигитален образовен екосистем со високи перформанси, што вклучува:
    - достапна соодветна дигитална опрема за образование и обука за возрасните
    - ефективно планирање и развивање на дигиталните капацитети
    - дигитална трансформација на наставните планови и програми
    - квалитетни дигитални наставни и дидактички материјали
    - релевантни, интерактивни и лесни за употреба онлајн ресурси за учење;
2. Зајакнување на дигиталните вештини, што подразбира:
    - развој на дигитални компетенции на едукаторите
    - развој на дигитални компетенции на возрасните кандидати во СОВ
    - основни познавања за технологии засновани на интензивна обработка на податоци, како што е вештачката интелигенција – за подобро разбирање на нивната улога во секојдневниот професионален и приватен живот на возрасните
    - еднаква застапеност и достапност на дигиталните можности за жените и мажите.

Важноста на дигитализацијата за образованието и за обуката беше уште повеќе нагласена со кризата со КОВИД-19. Кризата само засили одредени нееднаквости и создаде низа предизвици за образованието и обуката  на возрасните. Таа јасно покажа дека еден современ образовен систем нужно треба да биде приспособен на дигиталното време за да се надминат овие предизвици. Во исто време, кризата со пандемијата го забрза трендот за примена на онлајн и хибридни модели на учење. Таа во преден план истакна нови, иновативни и флексибилни онлајн методи за интеракција меѓу лицата што учат и оние што поучуваат. УНЕСКО заедно со експерти од областа развија дигитална алатка за споредување и за идентификација на квалификациите: World Reference Levels (WRLs). Оваа алатка им помага на возрасните лица да ги идентификуваат своите квалификации во споредба со меѓународни нивоа на квалификации, со што се овозможува и нивно меѓународно препознавање. По моделот на оваа алатка, корисно е да се создаде платформа развиена врз стандардите на ква-

лификации од МРК, која ќе им помогне на возрасните лица интерактивно и лесно да стекнат увид во компетенциите и во квалификациите што ги поседуваат.



# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Интегритетот на системот за ВНИУ зависи од мерките за обезбедување квалитет кои го поткрепуваат. Средното образование на возрасните ќе биде вреднувано и одржливо доколку постои доверба во системот, доколку потенцијалните кандидати веруваат дека за предвидениот ангажман ќе ја стекнат очекуваната квалификација, а добиената јавна исправа ќе има вредност при вработувањето. Мерките треба да обезбедат конзистентност во процесите на СОВ, а особено во процесите на валидација, со цел да се превенира недоследност низ фазите – како во однос на активностите на еден ист чинител, така и во однос на недоследности меѓу различни чинители.

Системот на обезбедување квалитет предвидува неколку групи континуирани мерки во сите фази и процеси на средното образование на возрасните и за сите вклучени инстанции. Меѓу нив спаѓаат:

- Регулатива: подзаконски акт за обезбедување квалитет во СОВ,
- Стандарди на квалификации:
    - Стандардите преточени во резултати од учењето предвидени со наставниот план и програми: тие се основата во однос на која се оценуваат општообразовните и стручните компетенции на возрасните учесници во СОВ,
    - Континуирано унапредување на програмите за СОВ,
- Акредитација на институциите вклучени во реализација на СОВ:
    - Обезбедува дека институцијата потврдила дека ги задоволува специфичните критериуми за квалитет и има детален внатрешен систем за менаџирање на квалитетот и дека има способност ефективно да ги спроведува и да ги проценува утврдените програми за стекнување квалификации,
- Завршен испит: кандидатите се обврзани да полагаат завршен испит по завршувањето на програмата за соодветното ниво од МРК, кој може да се организира со учество на стручните/коморските здруженија,
- Континуиран професионален развој на кадарот:
    - Континуирани обуки на кадарот инволвиран во СОВ, вклучително и обуки за советници и проценувачи во рамките на ВНИУ,
- Мониторинг и евалуација:
    - Мониторинг на процесот на спроведување на активностите за валидација,
    - Мониторинг на ефикасноста на дополнителното поучување и обука на возрасните за да постигнат одредена квалификација,
    - Мониторинг на достапноста на СОВ и ВНИУ за возрасните, на процедурите и времетраењето потребно за комплетирање образовна квалификација од запишување до

сертифицирање,

- Мониторинг на достапноста на СОВ за припадниците на ранливите групи: Роми, лица со попречености, лица во казнено-поправни домови, нискоквалификувани лица, невработени и други – имајќи предвид дека пораст на вкупните бројки за учество во СОВ автоматски не значи и пораст на учеството на припадниците од овие групи,

- Надворешна евалуација од секторски здруженија/комори и нивни анализи, теренски увиди, истражувања и сл.,

- Инспекциски надзор од Државниот просветен инспекторат,

- Комисии за процена во контекст на ВНИУ: релевантно и транспарентно составените комисии треба да го гарантираат процесот на оценување во СОВ и ВНИУ,

- База на податоци за СОВ: ефективна база на податоци за учесниците и за реализаторите на СОВ, како и за резултатите од СОВ – со соодветна заштита на личните податоци,

- Самоевалуација на институциите: реализаторите на СОВ и ВНИУ спроведуваат периодична рефлексија и самопроцена на перформансите на институцијата, со план за унапредување на квалитетот,

- Учество во меѓународни студии: студии за процена на компетенциите на возрасните во државата, како индикатор за ефикасноста на мерките во СОВ и патоказ за идни насоки на подобрување. Примери за релевантни меѓународни студии се:

- Студија за образованието на возрасните (Adult Education Survey): студија на ЕУ во која РСМ учествуваше во последната студија од 2016, додека следната е планирана за 2022 година,

- Програмата за меѓународно оценување на компетенциите на возрасните (Programme for the International Assessment of Adult Competencies – PIAAC): студија на ОЕЦД заснована на податоци и за формалното и за неформалното образование на возрасните,

- Студијата на континуирано стручно образование и обука (Continuing Vocational Training Survey): студија на ЕУ за образованието и обуката во компаниите,

- Електронската платформа за учење на возрасните во Европа (Electronic Platform for Adult Learning in Europe) која има три клучни фокуси: вештини за животот и за работата, дигитална транзиција (транзиција во смисла на општествените процеси што сè повеќе се дигитализирани) и инклузивна социјална промена (со цел промените во општеството да бидат инклузивни за сите, а пред сè за групите што се најподложни на маргинализација),

- Домашни студии:

- Студии за процена на состојбите во СОВ, нивото на компетенции на возрасната популա-

ција, потребни компетенции на возрасните за ефикасно учество на пазарот на трудот,

- Студии за инклузивноста, еднаквата достапност и за правичноста на СОВ.

Главно, инволвираните страни во реализацијата на процесот на ВНИУ, спроведуваат мерки на внатрешно и на надворешно обезбедување квалитет:

- внатрешно обезбедување квалитет: евалуација од страна на институцијата дали активностите што ги реализираат се валидни, релијабилни и целосно спроведливи,
- надворешно обезбедување квалитет: евалуација дали сите институции прават конзистентни и точни процени и дали нивните мерки за внатрешно обезбедување квалитет се ефективни.



# ПРИОРИТЕТИ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

### Приоритетни целни групи

Имајќи ги предвид големите стапки на невработеност и големиот број лица без квалификации или со ниски нивоа на квалификации, во реализацијата на средното образование на возрасните приоритет треба да се стави на стручното образование – на нивоата 2, 3 и 4 од МРК, односно стручното оспособување, стручното образование за занимања и техничкото образование. Тоа подразбира и дефинирање приоритетни целни групи, или делови од популацијата кон кои засилено треба да бидат насочени мерките на средното образование на возрасните. Во нив спаѓаат и лицата со попречености, лицата од маргинализираните групи, пред сè од ромската етничка заедница, како и лицата во казнено-поправни установи.

### Финансирање и стимулативни мерки

За ефективно средно образование на возрасните кое ќе придонесе за еманципација и социјална инклузија на возрасните од социјално ранливите групи и за економски прогрес, нужно е да се дефинираат приоритетни мерки за стабилно и одржливо финансирање. Ако се има предвид важноста на овие образовни мерки за личниот и социјалниот развој на граѓаните, како и за развојот на економијата, целисходно е државата – по можност и во соработка со меѓународни партнери – финансиски да го поддржи СОВ на одредени целни групи, посебно што потрошените средства во соодносот со постигнатите ефекти би биле значително ниски.



# ПОТЕНЦИЈАЛИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Во имплементацијата на предвидените активности во средното образование на возрасните, системот може да користи повеќе постојни потенцијали:

- во државата постои добро развиена мрежа на средни училишта/РЦСОО и други јавни институции што може активно да бидат вклучени во процесите на СОВ,
- веќе се воспоставени основите за систем на ВНИУ,
- постои мрежа невладини организации што работат во сферата на образованието, кои може да дадат важна поддршка во процесите,
- процесите на СОВ имаат силна поддршка од релевантните меѓународни институции.

Реализацијата на активностите во СОВ се соочува со повеќе предизвици:

- доколку кај кадарот вклучен во СОВ не постои свесност за важноста на СОВ и ВНИУ како мерка, и не ги поседува потребните знаења, вештини и ставови за ефективна имплементација на СОВ и ВНИУ,
- доколку кај имплементаторите не се развие доверба во концептот и во системот на СОВ и нема соодветна поддршка од институциите,
- доколку не се развие ефективна соработка меѓу релевантните чинители,
- доколку кај возрасните лица не се развие доверба во системот на СОВ,
- доколку СОВ не се третира како приоритет во државата, финансирањето може да биде загрозено, а со тоа и реализирањето на проектираните активности,
- дисбалансот меѓу потребите и расположливите ресурси за СОВ во различни региони на државата,
- ризикот од зголемено осипување од редовното средно образование – на што треба да се одговори единствено со соодветни мерки за квалитетно инклузивно редовно средно образование,
- мисијата на СОВ може да биде загрозена доколку имплементацијата е сосредоточена само на потребите на пазарот на трудот, занемарувајќи ги функциите за еманципација и за социјализација на возрасните.



# ИНДИКАТОРИ ЗА РЕАЛИЗИРАНОСТА НА ЦЕЛИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО КОНЦЕПЦИЈАТА ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

За да ја изврши својата функција во унапредувањето на СОО на возрасните, потребно е да се следи и да се надгледува реализацијата на Концепцијата за средното образование на возрасните. Во таа насока, потребно е да се развие база на податоци за средното образование на возрасните, која би послужила како појдовна основа, од која ќе може да произлезат и да се дефинираат прецизни индикатори за остварувањата во различни сфери. Во постојната состојба, како индикатори за напредок во средното образование на возрасните може да послужат проектирани позитивни промени во поглед на вклученоста и квалитетот на образованието на возрасните лица, како и исполнувањето на препораките на Советот на ЕУ за СОО и на Советот на министрите за образование од Декларацијата од Ознабрик. Развојот на СОО подразбира и развој на континуираното СОО преку доживотното учење. Оваа заложба во преден план ја става важноста на СОО за возрасните. Развивањето на СОО на возрасните е еден од суштинските аспекти на флексибилно, квалитетно, резилиентно и одржливо СОО, кое агилно се приспособува на пазарот на трудот и е генератор на иновации, а ги инкорпорира напредните дигитални и зелени технологии. Приближувањето кон овие цели треба да биде следено со конкретни показатели. Главно, индикаторите за реализацијата на Концепцијата може да се групираат во неколку категории:

- Хармонизираност на релевантната регулатива за СОО на возрасните,
- Зголемена достапност на СОВ, прикладност на процедурите и флексибилност на патеките за развој,
- Зголемен број училишта вклучени во реализацијата на средното образование на возрасните,
- Зголемени стапки на вклученост на возрасни лица во средно образование на возрасните и лица што го завршиле,
- Зголемени стапки на учество во споредба со апроксимативните податоци од извештајот Eurodyce 2021,
- Зголемени стапки во буџетот наменети за програмите за средно образование на возрасните,
- Зголемени стапки на вклученост на возрасни лица со попреченост, лица од маргинализирани групи и лица од казнено-поправни установи во средно образование за возрасните,
- Зголемена рамноправност во соодносот жени – мажи, кои се запишале и завршиле средно образование за возрасни,
- Зголемен број единици на локалната самоуправа вклучени во активностите за средно образование на возрасните,
- Зголемен број невладини организации вклучени во активностите за средно образование на возрасните,

- Зголемен број компании (економски оператори) вклучени во активностите за средно образование на возрасните.



# ПРЕЛИМИНАРНИ НАСОКИ ЗА ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА КОНЦЕПЦИЈАТА ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

- Да се хармонизира легислативата релевантна за СОВ: постојната регулатива оневозможува реализација на повеќе важни аспекти зацртани во Концепцијата за развој на СОО на возрасните. Воедно, одредени решенија во различни законски и подзаконски акти меѓу себе се во колизија, со што дополнително се отежнува остварувањето на повеќе нејзини суштински елементи. Оттука, потребно е законите, а пред сè законите за образование на возрасните, за средно стручно образование, за НРК, како и подзаконските акти што ја регулираат сферата на СОО на возрасните, да се хармонизираат и да се усогласат во однос на повеќе важни точки – пред сè, валидацијата на НИУ, учењето преку работа и обезбедувањето квалитет;

- Да се синхронизираат улогите на институциите во имплементацијата на СОВ: да се дефинираат насоки за соработка меѓу институциите и да се дефинираат нивните надлежности во однос на СОВ, со што би се превенирало создавање зони во кои постои преклопување во надлежностите или кои воопшто не се покриени – кои го отежнуваат реализирањето на активностите на СОВ. Во овој контекст, потребно е јасно да се одредат активностите и надлежностите на регионалните центри за СОО во доменот на образованието на возрасните и мерките што се предвидени за нив;

- Да се развие Методологија за ВНИУ во СОВ и стандарди за нејзина реализација: потребна е методологија за ВНИУ во која ќе се операционализираат конкретни чекори, постапки и насоки за дејствување на сите чинители вклучени во СОВ во процесот на валидација. Во овој контекст, методологијата ќе треба да има посебен осврт на улогата на РЦСОО во процесот на валидација;

- Да се развие регулатива и подзаконски акти за обезбедување квалитет – кои ќе бидат основа за креирање конкретни мерки во сферата на развојот на квалификациите, процесот на учење преку работа, супервизија и поддршка на провајдерите на СОВ за унапредување на квалитетот на образовниот процес, кој ќе има капацитет да одговори на потребите на возрасните и на пазарот на трудот, а ќе биде заснован на дигитални и зелени технологии;

- Да се развие унапреден систем за акредитација на институции и организации вклучени во процесот на средно образование на возрасните: системот за акредитација треба да е соодветен на актуелните барања и карактеристики на современо СОВ и да е во согласност со највисоките критериуми за обезбедување квалитет;

- Да се развијат национални стандарди за СОВ: ЦОВ, ЦСОО, БРО и други релевантни чинители треба да развијат платформа за национални стандарди за СОВ засновани на стандардите за квалификации и еквивалентни на стандардите за редовно средно образование, кои ќе бидат дефинирани преку резултати од учењето;

- Да се изработат „работни предметни програми“ засновани на клучните компетенции и резултати од учењето: овие „работни предметни програми“ за различни занимања ќе бидат засновани на стандардите за квалификации и на програмите за редовно средно образование, а ќе служат како алатка за водење низ образовниот процес и за возрасните што учат и за вклучениот кадар. По изработката, потребно е работните предметни про-

грами да се пилотираат;

- Да се развијат критериуми за оценување на резултатите од учењето од националните стандарди: потребно е да се обезбеди доследност, валидност и релијабилност во процесот на оценување на ниво на целата држава. Сите аспекти на процесот на оценување, од општообразовните содржини до оценувањето во процесот на валидација на практичните компетенции на работно место, треба да подлежат на единствени критериуми што се споредливи и проверливи;
- Да се поддржи развојот на човечките ресурси: еден од предусловите да се унапреди образованието на возрасните е кадарот вклучен во СОВ и во реализација на процесот на ВНИУ да добива континуирана поддршка за развој на компетенциите што се нужни за квалитетно спроведување на фазите на идентификација, документација, процена и сертификација;
- Да се развие мрежа за информирање и поддршка на возрасните низ процесот на СОВ, вклучително и ВНИУ: со оглед на големиот број возрасни што потенцијално би се вклучиле во процес на СОВ, потребно е да се надгради мрежа за информирање, советување и водење на возрасните низ процесот на СОВ во различни сектори. Оваа поддршка се однесува вклучително и за можностите и за активностите на процесот на ВНИУ;
- Да се развие функционална база на податоци: развојот на квалитетен систем на СОВ нужно треба да се потпира на точна евиденција за актуелните состојби во сферата на средното образованието на возрасните. Оттука, потребно е да се развие база што ќе вклучува релевантни податоци за возрасните вклучени во различни облици на образование на возрасни, податоци за образовните потреби на возрасните, за потребите на пазарот на трудот, за провајдерите на СОВ вклучително и нивните активности, информации во врска со квалитетот на СОВ и други релевантни податоци;
- Да се развијат мерки и активности за промоција на можностите на СОВ и ВНИУ: со оглед на големите и различни потреби на пазарот на трудот и големиот број возрасни без или со ниски квалификации кои потенцијално би се вклучиле во процес на СОВ, нужно е да се развие промислена стратегија за промоција на можностите на СОВ и ВНИУ. Таа стратегија како и мерките што ќе произлегуваат од неа треба да бидат засновани на анализи на компетенциите на возрасните и нивните потреби, како и на анализи на потребите на еден современ пазар на трудот – кој се развива одржливо и се приспособува и применува зелени и дигитални технологии.

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

UNDP